0506Су.бр.203/2010-5

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите и чл.100 од Законот за јавни набавки Претседателот на Апелациониот суд во Штип Стојанче Рибарев, на ден 07.05.2010 год. го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

За најповолен понудувач, носител на набавката на климатизери, по спроведената постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, **СЕ ИЗБИРА Центар Дизајн ДОО Штип.**

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение Су.бр.203/2010 од 19.02.2010 год., е утврдена потребата за набавка на климатизери. Набавката да се изврши со барање за прибирање на понуди согласно чл.100 ст.1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки.

Како критерум за избор за најповолен понудувач е определно да биде: цена 80 бодови, гаранција 10 бодови и рок на испорака 10 бодови.

Покана за доставување на понуди беше доставена до 3(тројца) економски оператори кои доставија понуди.

По спроведената постапка, комисијата за јавни набавки достави до Претседателот на судот записник и извештај за евулација на понудите со предлог како најповолен понудувач да се избере понудувачот Центар Дизајн ДОО од Штип

Претседателот на Апелациониот суд во Штип од записникот и извештајот за евалуација на понудите поднесен од Комисијата за јавни набавки утврди дека понудувачот Центар Дизајн од Штип има понудено најповолна понуда согласно критериумите дадени во барањето, односно понудувачот Центар Дизајн од Штип има добиени вкупно 93,30 бодови, САНС-АГ од Штип 62,12 бодови, а Унисол 13 од Штип 60,94 бодови.

Ваквиот број на бодови е добиен поради следното: Центар Дизајн има понудено вкупен износ на вредноста на набавката за климатизери 183.180,00 денари со ДДВ, САНС-АГ има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 253.440,00 денари со ДДВ, а понудувачот Унусол 13 има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 307.557 денари со ДДВ.

Поради тоа по критериум цена Центар Дизајн има добиено 80 бодови , САНС-АГ 57,82 бодови, а Унисол 13 има добиено 47,64 бодови.

Во однос на критериумот гаранција понудувачите Центар Дизајн и САНС-АГ добиле по 3,30 бодови, бидејќи понудиле гаранција од 12 месеци, понудувачот Унисол 13 добил 10 бодови, бидејќи понудил гаранција од 3 години.

За критериумот рок на испорака понудувачот Центар Дизајн понудил 3 дена и по тој критериум добил 10 бодови, Унисол 13 понудил рок на испорака од 10 дена и добил 3,30 бодови, а САНС-АГ понудил рок на испорака 60 дена поради што по овој основ добил 1 бод.

При евалуацијата на понудите и утврдувањето на бројот на бодовите Комисијата ја имала во предвид и работела според Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови (Сл.Весник на РМ бр.41 од 28.03.2008 год).

Поради овие причини Претседателот на Апелациониот суд во Штип одлучи како најповолен понудувач, носител на набавката на климатизери да го избере понудувачот Центар Дизајн ДОО од Штип.

Од погоре изнесените причини, а врз основа на чл.100 ст.1 алинеја 1 и чл.142 ст.5 и 6 од Законот за јавни набавки се одлучи како во изреката на ова решение.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП – 07.05.2010 година.

Претседател на судот
Стојанче Рибаревс.р.

ПОУКА: Против ова решение незадоволниот економски оператор има право на жалба во рок од 3 дена по приемот на истото до Државната комисијата за жалби по Јавни набавки.